**20141745442**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 30 став (6) од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК, ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА АКТ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДАНОЧНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ПО ОСНОВ НА ВОВЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА, ОДНОСНО ФИСКАЛНА АПАРАТУРА И ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок, односно недонесување на акт за одбивање на барањето за даночно ослободување по основ на воведување и користење фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување, во рокот утврден во членот 30 став (4) од Законот за данокот на добивка.

Член 2

Барањето заради неиздавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок, односно недонесување на акт за одбивање на барањето за даночно ослободување по основ на воведување и користење фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување се поднесува на образец -„Барање поради неодлучување по барање за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема-Б-МО/ДД-01“, во А-4 формат на хартија во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето заради неиздавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок, односно недонесување на акт за одбивање на барањето за даночно ослободување по основ на воведување во употреба на одобрен систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 162/11).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2015 година со утврдување на добивката за деловната 2014 година.

Бр. 20-39937/1
19 ноември 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПРИЛОГ

# БАРАЊЕ
## поради неодлучување по барање за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема

Б-МО/ДД-01

* Пополнува Управа за јавни приходи

Датум и број на прием

До:
Управа за јавни приходи
Генерална дирекција Скопје
бул. Кузман Јосифовски - Питу бр.1
1000 Скопје

За: Директор на УЈП

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ

Назив

Седиште

Контакт | е-Пошта | Телефон

### ОПИС НА БАРАЊЕТО

Согласно рокот утврден во член 30 став (8) од Законот за данокот на добивка, Ве молам да постапите по Барањето за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема поднесено до Управата за јавни приходи кое е заведено под:

Број

Датум

### ПРИЛОЗИ

☐ Копија од Барање за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема

### ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

Назив / Име и презиме

ЕДБ / ЕМБГ | Датум на пополнување

Својство | Потпис

### ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Име и презиме

ЕМБГ | Датум на пополнување

Својство | Потпис

* Пополнува Управа за јавни приходи

Податоци за обработката